**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 април 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Лилјана Ивановска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ,Игор Ивановски, Неждет Мустафа, Есад Рахиќ, Чедомир Краљевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Славица Станкова, Наташа Биковска и Љубе Бошкоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам, вклучете го системот.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите вршат пребојување на пратениците).

На седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија и Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлозите за именување на заменици на јавниот обвинител на Република Македонија, на јавни обвинители на вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола и Штип, заменици на вишите јавни обвинители во Скопје, Битола и Штип, јавни обвинители на основните јавни обвинителства во

Битола, Охрид, Струга, Ресен, Скопје, Тетово, Гостивар, Крива Паланка, Дебар, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Штип, Кочани, Берово, Радовиш, Свети Николе и Делчево и заменици на основните јавни обвинители во Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Крива Паланка, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Кичево, Штип, Струмица, Кочани и Делчево.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлози за разрешување заменици на јавниот обвинител на Република Македонија;

2. Предлози за разрешување заменици на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола;

3. Предлози за разрешување јавни обвнители на основните јавни обвинителства во Гевгелија и Дебар;

4. Предлози за именување заменици на јавниот обвинител на Република Македонија;

5. Предлози за именување јавни обвинители на Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола и Штип;

6. Предлози за именување заменици на јавните обвинители на Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола и Штип;

7. Предлози за именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Битола, Охрид, Струга, Ресен, Скопје, Тетово, Гостивар, Крива Паланка, Дебар, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Штип, Кочани, Берово, Радовиш, Свети Николе и Делчево;

8. Предлози за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Крива Паланка, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Кичево, Штип, Струмица, Кочани и Делчево.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам да се вклучи системот за гласање.

Гласале 60 пратеници, за гласале 58, двајца воздржани.

Со оглед дека во салата има мнозинство пратеници, констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на работа.

Почитувани пратеници, сакам да ве потсетам дека денеска имаме избор или реизбор на 154 заменици или обвинители на основните, окружните или на државното обвинителство и заради тоа ќе ве молам, со оглед дека ќе имаме голем број на гласањеа, да се концентрираме и да не ја напуштаме салата често за да не го доведеме кворумот под прашање.

Минуваме на точката 1 - Предлози за разрешување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Васил Велковски да биде разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Абдулади.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Се јавувам процедурално, не во врска со точката.

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, ние денеска на дневен ред, дневниот ред ни е познат, но јас би се надоврзал во процедуралниот аспект за именување на јавните правобранители, иако имаа тро точки претходно за разрешување заменици јавни обвинители, но сакав во овој момент да реагирам, вие знаете, имаме еден предлог од страна на Владата за именување на обвинители на највисоко ниво, од локалното највисоко ниво и во оваа насока, предлогот што доаѓа од Владата до Парламентот се однесува само на предлозите што треба, значи станува збор за еден кандидат, значи тие не ги имаме предвид, кандидатите кои беа конкуренти за овие места, тргнувајќи од републичко ниво заменици обвинители, на Вишото јавно обвинителство и основните јавни обвинителства во градовите во Република Македонија.

За да бидеме многу посериозни во оваа насока, бидејќи имаме и одговорност како пратеници а и како Парламент да согледаме многу елементи што се однесуваат на предложените кандидати, би било добро ние како пратеници да ги имаме и листите на кандидати кои конкурирале за овие места на сите нивоа, од Републичкото обвинителство до Основното обвинителство.

Затоа, мене како пратеник во оваа насока ми е потребно ова, бидејќи треба да го видам квалитативниот аспект на кандидатите кои конкурирале и што е многу значајно за мене како пратеник кој припаѓа на албанската заедница, да ја видам и правичноста на сите нивоа во обвинителствата. Доколку е можно да се дозволи еден

одреден период да ги добиеме овие документи, овие листи, значи листите на кандидати кои конкурирале, без да ја елиминирам работата на Обвинителството и на Владата, меѓутоа мислам дека е потребно да ги имаме имињата на овие кандидати кои конкурирале за соодветни места во обвинителствата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претставникот на Владата е присутен. Собранието нема надлежност во таа работа. Согласно на Уставот Владата предлага на Собранието. Доколку Владата цени, ние не можеме да ја обврземе.

Го слушнаа вашето барање, доколку цени Владата, тоа може да го направи.

Збор побара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа дека немавме можност по дневниот ред, таков е Деловникот, јас би сакал да кажам нешто во врска со оваа седница процедурално.

Денеска, на дневен ред е избор на 154 обвинители на обвинителствата во Република Македонија на трите виши јавни обвинителства и на основните обвинителства во Република Македонија. Значи од 193 обвинители сега бираме 154. Како што кажа еден мој колега, на конкурсот се пријавија многу кандидати од кои 154 ја поминаа селекцијата.

Сметам дека немаме доволен број на информации сега за одлучуваме на оваа седница,  имаме само некои штури биографии на сите, вака наредени само некои нивни функции, меѓутоа нема какви се нивните резултат, доколку до сега работеле во јавните обвинителства и поради што, тие кои продолжуваат понатаму да ја извршуваат функцијата по кој основ и според кои резултати ја продолжуваат таа функција.

Исто така, сакам да дадам забелешка на доцнењето на изборот на овие јавни обвинители. Сите знаеме дека на 28 февруари беше објавен конкурсот за избор на обвинители. На 26 март им истече мандатот на  многу од јавните обвинители, на голем број, поради што настана празнина. Така што адвокатите при судењата бараа нивно изземање. Сето тоа не беше нормално функционирање, барем во сферата на обвинителството. Така што Владата на 31 март го востанови списокот, до Парламентот се достави на 4 април а ние го добивме на 7 или на 8 април. Така што имавме само еден ден да го разгледуваме овој предлог. Мора да признаеме дека од

154 кандидати за обвинителствата никој не може за еден ден да каже кои се добри, а кои се лоши, за кои што ние треба да го дадеме својот глас како позицијата, така и опозицијата.

Затоа сметам, дали ова намерно или не, не знам, меѓутоа мислам дека требаше да се даде малку поголем рок на Парламентот, на пратениците, малку повеќе да се исконсултираат, да направат некои анализи, свои видувања, да би можеле да одлучуваме квалитетно. Сметам дека сега, ова одлучување ќе биде врз основа на некои многу штури, многу малку податоци за кандидатите за обвинители.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Отворам претрес по предлогот Васил Велковски да биде разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 61 пратени, 56 гласаа за, воздржани 3, двајца против.

Констатирам дека Васил Велковски е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Владимир Смичковски да биде разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 57 за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Владимир Смичковски е разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Минуваме на точката 2 - Предлози за разрешување заменици на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Љубисав Милуновиќ да биде разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 58 за, воздржани 2, никој не е против.

Во салата има присутно повеќе од мнозинството пратеници.

Констатирам дека Љубисав Милуновиќ е разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола поради исполнување на условите за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Борис Атанасовски да биде разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 63 за, воздржани 2.

Констатирам дека Борис Атанасовски е разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола поради исполнување на условите за старосна пензија.

Минуваме на точката 3 - Предлози за разрешување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Гевгелија и Дебар.

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Ѓорѓи Бардаров да биде разрешен од функцијата Јавнен обвинител на Основното јавно обвинителство во Гевгелија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 55 за, воздржани 3, 1 против.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Ѓорѓи Бардаров е разрешен од функцијата Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Гевгелија поради исполнување на условите за старосна пензија

Отворам претрес по предлогот Бесник Граждани да биде разрешен од функцијата Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 за, 1 воздржан.

Констатирам дека Бесник Граждани е разрешен од функцијата Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар, поради исполнување на условите за старосна пензија.

На сите овие обвинители кои што туку ги разрешивме заради исполнување на старосна пензима им благодарам за досегашниот ангажман и во мое и ваше име им посакувам пријатни пензионерски денови.

Минуваме на точката 4 - Предлози за именување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Клео Бубевска да биде именувана за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трендафилов процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од еден час, зата што има одредени информации кои мислам квалитативно ќе ја подобрат расправата за точките од 4 до 7 што сега претстојат, па како не би барале пауза во текот на расправата барам сега, пред да почнеме со работа по точката 4.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 10,30 часот.

(по пауза)

(Седницата продолжи со работа во 11,40 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, за да продолжиме со работа.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата.)

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точката 4.

Предлози за именување заменици на јавниот обвинител на Република Македонија

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Клео Бубевска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Република Македонија

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Ѓорги Трендафилов.

ЃОРГИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во функција на точките што се на дневен ред, ние како пратеничка група се обидуваме да дадеме максимално придонес за да разрешиме една навистина непријатна ситуација, која верувам дека повеќето пратеници во Собранието на Република Македонија се запознати. Имено, станува збор за тоа што мандатот на минатиот состав на обвинителите заврши на 26 март и се појавува одредени проблеми во судските постапки ширум Република Македонија затоа што во рамките на она што се нарекува законска процедура во постапките бранителите најмногу го користеа правото и ставот да искажат несогласување со начинот на кој работи обвинителството во овој период.

За жал Владата на Република Македонија дури на седницата на 31 март расправаше по Предлог-кандидатите за именување на обвинители и заменици на сите нивоа на обвинителството во РМ. Тоа што Владата го усогласи и го договори на таа седница до Собранието на Република Македонија стигна на 4 април и до нас пратениците материјалот по овие точки стигна на 8 април. Се разбира дека не претпоставувам да е тоа одговорност на претседателот на Собранието или на Собраниските служби, но секако го сметам за одговорност на Владата затоа што се

однесуваше крајно несериозно кон оваа проблематика особено од аспект на вакумот кој се создаде во обвинителството.

Исто така би сакал да истакнам од името на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ дека и покрај сите забелешки, сепак предлагачите не нашле за неопходно да ги прошират биографските податоци за кандидатите за кои ќе расправаме во текот на денешната седница и може да се констатира дека сепак е направена една листа, еден избор според одредени информации имало кандидати и бројката на кандидатите се движела меѓу 500 и 700 пријавени кандидати за обвинители и заменици, но предлагачот го искористил своето дискреционо право и од кандидатурата се иземени навистина многу млади кадри од обвинителството и од судовите на РМ, за сметка на одредени кадри кои и по возраст и по стручните квалификации не се истакнуваат со некоја особена квалитетна разлика за на нив да им се даде предност, а не на помладите кадри кои конкурираа на конкурсот.

Последната забелешка, за која сме сведоци сите присутни на денешната седница, Владиното мнозинство во Собранието на РМ, како да не чувствува потреба со особено внимание да учествува во расправата по предложениот дневен ред. За тоа сведочи и фактот што ние сега во овој момент работиме на граница на потребниот кворум за да можеме да продолжиме. Со други зборови доколку ВМРО-ДПМНЕ на било кој начин реши да апстинира би биле во една навистина незавидна ситуација како Собрание и апелирам до мнозинската Владеачка партија односно до СДСМ да се обиде да го мобилизира своето членство односно пратениците за да не оставиме несериозен впечаток и пред луѓето кои треба да работат во институциите за кои треба сега да гласаме...

НИКОЛА ПОПОСКИ:

Имаме мнозинство пратеници за работа, но бидејќи комплетно отсуствуват две пратеничкиг рупи не продолживме веднаш со работа.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

И вашата констатација г-дине пртседателе дека отсуствува една пратеничка група не е добар почеток за работа по вака сериозно прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да ве исправам, не работиме на ивица на кворум, затоа што имаме 76 пратеници присутни, а ДУИ во моментов ни кажа дека доаѓаат и затоа ја почнав седницата.

Молам дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Клео Бубевска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Република Македонија го сатавам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 67 пратеници, од кои 65 гласале за, и против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Клео Бубевска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Славчо Станков да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Република Македонија

Молам кој бара збор?

Има збор д-инот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван пртседателе, почитувани колеги,

Јас ќе го искажам ставот на пратеничката група на ДПА. Ја користам можноста во оваа дискусија во име на сите, нема посебно да дискутирам.

Ситуацијата воопшто во судството на непреставувањето на албанците посебно во овие многу значајни институции на законскиот систем на Република Македонија, на судскиот систем, процентот е многу мал и многу обесхрабрувачки. И во именувањето кои беа направени пред неколку месеци од страна на овој парламент ние рековме дека на директен начин и на многу внимателен начин ќе ги следиме сите именувања во областа на судството и како таму се развива работата во однос на остварувањето на таа уставна норма која произлегува и од Рамковниот договор за правичното преставување на сите заедници во сите инстанции.

Јас ги земав сите материјали што ги имаме пред нас денес и ги изброив. Од 151 именување само 12 албанци се именуваат денес општо. Ова значи 7%, околу над 7%. Јас на директен начин ја прашувам Владата зошто ги поддржуваат ваквите именувања кои во основа се судираат со уставниот амандман кој гарантира пропорционално преставување во сите институции и излегуваат сосема надвор,

односно имплементацијата на Рамковниот договор останува на вербално ниво. Како може да се поддржи фактот дека од 151 предлог само 12 односно 7% се албанци.

Јас навистина и покрај сета добра волја да го подобриме судството и да го реформираме, тоа што пртставува слаба точка во нашиот систем, наместо да даваме знаци дека таму каде што можеме ја подобруваме структурата на претставувањето во релевантните институции, како што е судството и јавното обвинителство, сепак од 151 именување именуваме само 12 албанци денес. На флагрантен начин се нарушува Уставниот амандман се поништува и токму заради тоа ние ќе гласаме против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Како и многупати досега уште еднаш се поставува прашањето што се случува со македонските институции со едно непрофесионално, неефикасно судство, политизирано и партизирано до недоглед. Овој факт со право има дадено негативна карактеристика на судството и судовите кои како такви односно зависни од властите носат одлуки на штета на индивидуите кои припаѓаат на поранешните власти. Ова го докажува факт дека Македонија сеуште се карактеризира со реваншизам. Сегашната власт неопходно е да се ослободи од стереотипните и политичките притисоци кои ги врши врз институциите вклучувајќи ги тука и дискриминациите врз етничка основа.

Значи, имајќи го предвид овој факт, ДПА очекува еднаков третман и почитување на Уставот и во однос на незаконските осудувања и гонења на членовите на опозицијата кои се пиовеќе стануваат жртви на дневната политика. Такви се и драконските обвинувања и затворања на поранешните припадници на ОНА кои дојдоа како резултат на суспендирањето . . .

Меѓутоа, претходно и во судир со декалрацијата на претседателот за амнестија за припадниците на ОНА.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да се договориме вака.

Општа расправа за предлозите нема. На координаторите им дозволувам во име на групата, како што беше случај, меѓутоа нас законот и уставот не ни дозволуваат по предлогот, конкретно зборувам за именување на Станко Славчов, за заменик на јавен обвинител на РМ, да отвараме тема која е глобална. Ги молам сите да се држиме колку е можно повеќе во тие граници.

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Претседателе јас ја прифаќам оваа ваќа забелешка, но накратко да кажам дека мислам и таму каде што треба и таму каде што нетреба се отвораат теми на кои што не им е местото.

Имено, за овие предлози што се дадени за заменици на јавен обвинител на РМ, забелешката на претходните колеги пратеници воопшто не држи. Зарем процентот кој вие го барате е од 9 тројца предложени кандидати.

Сметам кога се работи посебно за судството и обвинителството дека треба да се надминеме сите ние пратеници и да бараме квалитет на предложените кандидати. аналогно на тоа, ако тука се дискриминирани албанците, како што вие зборувате, зарем за предложени заменици на јавниот обвинител на РМ, не се дискриминирани и македонците и другите националности, затоа што од девет, тројца се албанци. Мислам дека забелешката што ја изнесоа претходните дискутанти не држи и во овој момент би замолил најмногу да се задржиме на квалитетот на предложените кандидати.

Никој не стана да каже зошто се предложени 3 албанци, ако се тие луѓе квалитетни, веруваме дека се квалитетни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Мојата дискусија фактички го отсликува ставот на наша Парламентарна група. во принцип тоа што можеме да го кажеме во оваа насока е дека парламентарната група на ДУИ ќе ги поддрчи предлозите за именување, посебно оние кои се од албанската заедница. Одредени факти за кои треба да биде информирана јавноста, а и пратениците се следни.

Ние мислиме дека судството и начинот на кој судството функционирало досега во Македонија не беше добар пример за праведно судство и независно судство. На прво место сметаме дека многу често судските процеси се злоупотребувале и судовите се однесувале на неправеден начин посебно во случај кога обвинетите била албанци. Тоа што во списокот пред нас се гледа, овој список покажува една тенденција на подобрување на поставеноста на албанците во обвинителството.

Прво, во Републичкото јавно обнвинителство од 11 членови 3 се албнци, што претставува видлив напредок и содејствува со 23%, особено имејќи го предвид фактот дека во претходниот состав имаше само еден албанец. На ниво на Македонија, има три високи обвинителства и од предлозите кои се даваат таму, главниот јавен обвинител е албанец.

Во претставувањето на ниво на Основното јавно обвинителство исто така за главни обвинители денес се избираат 4 албанци.

Институцијата на избирање на обвинителите е институција која се врши врз основа на оглас придржувајќи се на принципите на независност на судовите. Мислам дека во овој однос треба да крај да го почитувани принципот на независност, а паралелно да се обидеме да го постигнеме и правичното претставувње, за што ние мислиме дека има политичка волја и треба да се гради една заедничка политика.

Тоа што треба да биде заеднички интерес и интерес на сите е фактот дека треба со многу внимание да ги читаме последните извештаи на Европската комисија и на Стејт-департментот на Америка за нивото на корупција на судовите и на човековите права со цел да се постигне еден соодветен стандард, што е главен предуслов за влегување во ЕУ.

Затоа ДУИ ќе го поддржи овој концпет, затоа што мисли дека без да се влијае, односно невлијанието врз независноста на судовите е пат за да се постигне една праведна поставеност на албанците и да се надмине ситуацијата каде што немало доволно претставници на албанците во овие институции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, пред малку побарав да бидам малку подетално информиран во однос на структурата на именуваните, на оние кои се пријавиле на

конкурсот за заменик јавен обвинител, за Вишото обвинителство, како и за основните обвинителства на градовите на Република Македонија . Еден таков одговор, иао тоа е ексклузивно право на Владата, би било добро, доколку од претставникот на Владата би имале еден таков приказ, со кој на јасен начин , би им се покажало на пратениците кои биле кандидатите кои се пријавиле на конкурсот според етничката припадност во Република Македонија.

Јас лично би сакал да кажам тука пред овој Парламент и пред пошироката јавност дека немам ништо против предложените кандидати, затоа што сигурно тоа се луѓе кои што се квалификувани да го дадат последниот нивен збор во однос на тоа колку овие предложени кандидати ги исполнуваат предвидените услови. Сигурно, дека во таа насока имало посебно значење, посебен критериум бил да се добијат луѓе кои ќе можат да се соочат со задачите, луѓето кои имаат организациони способности, луѓе кои знаат да ја извршат оваа задача и јас тука намам никакви дилеми. Дилемите се од друга природа, за кои сигурно јавноста бара одговор од нас односно зошто обвинителството и натаму се наоѓа во оваа ситуација во однос на етничката претставеност. Никој не може да ме убеди и никој не треба да ј аубедува јавноста дека бројто на албанците во обвинителството во Република Македонија  е зголемен. Јас сум бил пратеник и во 1997 година кога ги именувавме обвинителите кои беа досега, ког аги именувавме за нивниот шест годишен мандат. и можам да кажам дека на одредени места дури и бројот е помал на албанците , намален е бројот на албанците . Тоа е случајот со Куманово. Досега сме имале заменик обвинител, а сега немаме ни еден албанец предложен во Куманово, каде што обвинител сеуште не е избран, а неговите заменици се сите македонци. Јас можам слободно да кажам дека сите ние треба да имаме политичка волја. Таа политичка волја треба насекаде да се прошири, не само во Собранието и во Владата, туку треба во сите други институции за адекватна правична застапеност за заедниците на Република Македонија . Ние имаме еден догвоор и секој ден во медиумите го промовираме фактот дека албанците треба да бидат претставени толку колкав што е нивниот процент во населението, а бројто е  23% и толку треба да бидеме претставени  и во државните институции во овој случај во Јавното обвинителство, тргнувајки од оној Републичкиот до основните. Друго прашање е што...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да ме сослушате. Сам потенцирате дека сте пратеник веќе трет мандат. Сега сме на предлогот на точка број 4 - Заменици на Јавен обвинител на Република Македонија . Вие дискутирате за точката 6, за точката 6,  за точката 8, за Куманово, за замениците на основни, виши , ве молам да дискутирате за точката 5 - Заменици на јавни обвинители на обвинителот на Република Македонија . Ако продолжите со дискусија по точките што следат, ќе ви дадам збор тогаш кога ќе дојдат и за Куманово и за другите.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Намам намера повторно да земам збор, затоа што не сум против личностите кои се предложени од страна на Владата односно од Јавниот обвинител, туку во принцип говорам за сите точки. Можеби ова е злоупотреба, меѓутоа, сепак, не е злоупотреба, затоа што ние треба да го кажеме својот став, својот збор со цел да стигнеме до тоа што е реалноста и да се занимаваме со реалноста. Нема да можам да прифатам никогаш, затоа што јас ги немам потребните податоци, на процедурален начин ги побарав овие податоци пред да влеземе во дебатата. Мене таквите податоци не ми беа дадени. Можеби некој ги знае, меѓутоа, јас како пратеник не ги знам тие податоци. незнам дали имало луѓе кои конкурирале албанци и кои не биле избрани , сепак, денес не се предложени од страна на Владата или од Јавниот обвинител. Ова е мојата намера и сакам за таа да говорам на оваа седница. Доколку имало кандидати албанци и не биле именувани или предложени да бидат именвуани во обвинителството, тогаш за сите анс е грешка. Доколку немало кандидати, тогаш требало да се каже дека немало кандидати или дека немало луѓе кои конкурирале за овие места. Затоа што, искуството од 1997 година ни покажа една таква работа. Тога ПДП побара од сите кои се заентересирани,независно од. .

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Ве молам да се држите на точката на дневен ред - Заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија .

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Добро, господине претседател, тогаш кога ќе треба јас да се јавам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога ќе дојде точката за Куманово. Ако сакате за Штип, кога ќе дојде за Штип. Сега е за заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија .

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Значајно е да го изразиме нашето мислење. Сега, не е добро да се јавуваме за индивидуи, за поединци да зборуваме. Не сакам да зборувам за поединци, јас ен сум квалификуван да кажам дали тој ги исполнува условите или не. Тоа се компетентни луѓе кои ја оценувале нивната работа, го дале нивното мислење и мислам дека денес во Парламентот нема пратеник кој ќе се обиде лично да етикетира некого, затоа што најголем дел од обвинителите не ги познаваме. Ние имаме предвид дек аоние луѓе кои биле компетентни за да ги оценуваат, тие ја извршиле добро својата работа. Јас нив не сакам да ги критикувам. Мојата интервенција е во насока на подобрување на адекватното претставување на албанците во Јавното обвинителство. Дали ние можеме да ја добиеме оваа информација од Владата или не? Сакам на дециден начин да го знам тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Замир Дика реплика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател.

Репликата се однесвуа на госпоѓата Теута Арифи. Би сакал уште еднаш да го истакнам тоа што беше кажано од господинот Абдуладi Вејсели. Не е вистина дека има видлив напредок во однос на она претставување на албанците во оваа област. Можеби има некои разлики во детали, меѓутоа, би сакал да го истакнам случајот со Гостивар, каде и Јавниот обвинител и заменикот обвинител биле албанци. Можеби во наше време биле 6, 5%, но мислам дека Рамковниот договор после војната , после 200 убиени, после сите оние трауми, после сите оние изгорени куќи, мислам дек ова не беше сигнал за да ни се каже дека треба да продолжите како штоправевте. Или ќе се надмине оваа дискримианција, 50-ет годишна дискриминација, на брз начин како што го наложува тоа Рамковниот договор

односно ќе се постигне адекватна поставеност, или пак да се навратиме и да дискутираме повторно за процесите. Мислам дека 7% во едно време, тука се вршат

150 во едно именување во една област, каде Што сме многу дискриминирани, незнам како може тоа да биде прифатливо или пак ние да бидеме задоволни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Очигледно е дека не можеме да се разбереме за што јас зборувам, за што вие дебатирате. На госпоѓа Арифи ќе и дадам збор, само момент, претпоставувам имате реплика на господинот Замир Дика. Потсетувам дека сме на точка 5. Од сега натаму кој не дискутира за точка 5, а дискутира за точка 7, зборот ќе му го одземам и ќе го ставам на компјутерот прв кога ќе дојде точката 7 да се дебатира. Инаку, незнам и за што воопшто се отвора дебатата по точка 5, кога од 9 предложени 30% се албанци или 4. Така што, ве молам да се сконцентрираме на точката на дневен ред. Кога ќе дојде подолу точката на дневен ред, за тоа ќе дебатирате подолу.

Госпоѓа Арифи, повелете.

ТЕУТА АРИФИ:

Фактички мислиме дека треба да се каже, не е соодветно претставување во главното Републичко обвинителство. Значи именување од 9 да имаме тројца претставници албанци, тоа значи дека нешто не е во ред со нашето разбирање за адекватно претставување. Мислам дека ние постигнавме адекватно претставување на сите нивоа и тоа на Републичкото ниво, на ниво на Вишото обвинителство и тоа го постигнавме и тоа е реалност. Тоа му се допаѓало или не на некого, тоа е нешто сосема друго. Изборот на обвинителството се врши во однос на конкурс. Само заради информација во Обвинителството во Гостивар немало ниту еден албанец претставен или се јавил на конкурсот за обвинител и заменик. Значи, имало само заменик и ние го избираме обвинителот на Гостивар, кој е од албанска припадност. Истовремено еден од актуелните заменици во Куманово е албанец и немало сеуште реизбор за обвинител. Тоа е реалноста.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлгото Славчо Станков да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија , го ставм на галсање.

Молам, да гласаме.

Гласале 79 пратеници, 74 пратеници гласале за, 5 против, воздржани нема.

Констатирам дкеа Славчо Станков е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Бардуљ Кука да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Бардуљ Кука да биде именвуан за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 61 пратеници гласале за, 4 против, 8 воздржани .

Констатирам дека Бардуљ Кука е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Биљана Бабунска да биде именувана за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Биљана Бабунска да биде именвуана за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 65 пратеници гласале за, 1 против, 2 воздржани .

Констатирам дека Биљана Бабунска е именувана за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Воислав Гавровски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Воислав Гавровски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 71 пратеници гласале за, 1 против, 2 воздржани .

Констатирам дека Воислав Гавровски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Љубомир Јовески да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Љубомир Јовески да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 75 пратеници гласале за, 0 против, 1 воздржани .

Констатирам дека Љубомир Јовеские именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Коста Петровски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Коста Петровски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 74 пратеници гласале за, 0 против, 0 воздржани .

Констатирам дека Коста Петровски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Бесим Селими да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Бесим Селими да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 63 пратеници гласале за, 4 против, 3 воздржани .

Констатирам дека Бесим Селими е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Отворам претрес по предлогот Абдулаким Саљиу да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Абдулаким Саљиу да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија го ставма на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 66 пратеници гласале за, 3 против, 4 воздржани .

Констатирам дека Абдулаким Саљиу е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија .

Минуваме на Точка 5 - Предлози за именување јавни обвинители на вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола и во Штип.

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Касам Хасани да биде именуван за Јавниот обвинител на Вишото Јавно обвинителство во Скопје.

Збор бара господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас се јавив претседателе бидејќи не обрнавте внимание, би сакал на новоизбраните заменици на Републичкиот јавен обвинител во име на Собранието Вие лично и во име на сите нас да им го честитаме изборот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе честитаме на крај, 150 се.

Отворам претрес по предлогот Касам Хасани да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Касам Хасани да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 75 пратеници, за 71 пратеник, против гласаа 3 пратеници, а од гласањето се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека Касан Хасани е именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Кире Секуловски да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Кире Секуловски да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 72 пратеници, за гласале 69, против гласаа 1 пратеник, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Кире Секуловски е именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Отворам претрес по предлогот Тодор Витларов да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Тодор Витларов да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 73 пратеници, за гласаа 73.

Констатирам дека Тодор Витларов е именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.

Минуваме на точката 6 - Предлози за именување заменици на јавните обвинители на Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола и Штип.

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Глигор Серафимовски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 70 пратеници, за гласаа 70 пратеници.

Констатирам дека Глигор Серафимовски е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Катерина Панева да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Катерина Панева да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 74 пратеници, за гласаа 74 пратеници.

Констатирам дека Катерина Панева е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Богомир Николовски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во скопје

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Богомир Николовски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 73 пратеници, за гласале 71, против гласаа 1 пратеник, а од гласањето се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека Богомир Николовски е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Миле Србинов да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Миле Србинов да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 75 пратеници, за гласаа 73 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласањето се воздржа 1пратеник.

Констатирам дека Миле Србинов е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Мимоза Илиќ да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мимоза Илиќ да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 76 пратеници, за гласаа 74 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласањето се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека Мимоза Илиќ е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Катица Соколова Гигова да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Катица Соколова Гигова да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 72 пратеници, за гласаа 70 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласањето се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека Катица Соколова Гигова е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Станка Видимлиска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Станка Видимлиска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 74 пратеници, за гласаа 65 пратеници, против гласаа 6 пратеници, а од гласањето се воздржа 3 пратеници.

Констатирам дека Станка Видимлиска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ментор Ќоку да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ментор Ќоку да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 70 пратеници, за гласаа 62 пратеници, против гласаа 6 пратеници, а од гласањето се воздржа 2 пратеници.

Констатирам дека Ментор Ќоку е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Драгољуб Цакиќ да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во скопје

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Драгољуб Цакиќ да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 64 пратеници, за гласаа 57 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласањето се воздржаа 6 пратеници.

Констатирам дека Драгољуб Цакиќ е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Лилјана Спасоска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лилјана Спасоска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 72 пратеници, за гласаа 71 пратеник, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека Лилјана Спасоска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Радослав Каранфиловски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Радослав Каранфиловски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 74 пратеници, за гласаа 71 пратеници, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Радослав Каранфиловски е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Момир Маричиќ да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Момир Маричиќ да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 71 пратеници, за гласаа 66 пратеници, 4 воздржани, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека Момир Маричиќ е именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Преминуваме на Обвинителството во Битола.

Отворам претрес по предлогот Здравка Чупуровска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Здравка Чупуровска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 65 пратеници, за гласаа 65 пратеници.

Констатирам дека Здравка Чупуровска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Отворам претрес по предлогот Аница Петровска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Аница Петровска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 69 пратеници, за гласаа 66 пратеници, 1 против, 2 воздржани.

Констатирам дека Аница Петровска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Отворам претрес по предлогот Трендафилка Петрова да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Трендафилка Петрова да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 72 пратеници, за гласаа 70 пратеници, 2 воздржани.

Констатирам дека Трендафилка Петрова е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Отворам претрес по предлогот Панде Пејовски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

